РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 1067/1
13.02. 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по сопствена иницијатива, на дваесет и шестата седница одржана на ден седми февруари 2020 година донесе

**ОДЛУКА**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против службеното лице Нина Николиќ бидејќи лицето постапило по барањето за излегување од состојба на судирот на интереси согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 09-8612/1 од 18.11.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-8612/1 од 18.11.2019 година е оформен по сопствена иницијатива против службеното лице Нина Николиќ каде што е констатирано дека покрај функцијата член на Управен одбор во Македонски народен театар, истото лице управува со Друштво за театарска и филмска продукција Перипетија ДООЕЛ Скопје како сопственик.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, Државната комисија се обрати до службеното лице Нина Николиќ и достави Известување и барање за постапување, при што од неа побара да преземе соодветни дејствија во насока на отстранување на состојбата на судир на интереси.

По доставеното Известување и барање за постапување, до Државната комисија Нина Николиќ достави Известување за постапување по доставено барање во кое што ја известува Државната комисија дека постапила согласно нејзините барања за отстанување на настанатата состојба на судир на интереси, на начин што се откажала од управителството во Друштовото за тетарска и филмска продукција Перипетија ДООЕЛ Скопје и за управител во трговското друштво е поставено друго лице, за што има доставено и соодветни докази за тековната состојба.

Од вака констатираната фактичка состојба, Државната комисија на седницата одржана на ден седми февруари 2020 година, по разгледување на сите предметни наводи констатира дека во конкретниот предмет постигнат е ефектот од постапувањето на Државната комисија, на начин што именуваното лице постапило по барањето за постапување и ја отстранила состојбата на судир на интереси согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил:
м-р Ема Нешковска- Соработник


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk